РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
БР. 01-421
24.06 2025 год.
Битола

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

# Национална установа
# Народен театар - Битола

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА ЗА 2025 ГОДИНА

**Јуни 2025**

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република Северна Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of North Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.coml www.narodenteatarbitola.com

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

## ВОВЕД

Корупцијата како општествен институт е многу динамична појава која е присутна во сите држави во светот. Исклучок не е ниту нашата држава, во која преку различните манифестни облици е условена и зависна од многуте економско - правни и социо - политички фактори. Таа е подеднакво присутна во приватниот, јавниот и граѓанскиот сектор, притоа оставајќи многу влијанија кои негативно се одразуваат врз севкупниот живот на граѓаните. Нејзиното влијание има засилувачки ефект доколку се знае дека ова е период на повеќепартиски системи, пазарно стопанисување, рушење на монополистичкиот статус на претпријатијата на сметка на претприемништвото, како и напор за зголемување на општествените вредности преку зголемување на довербата на граѓаните во институциите.

Поаѓајќи од законското формулирање на поимот корупција, каде стои дека „коруптивното однесување претставува злоупотреба на функцијата,јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директноп или преку посредник, за себе или за друг", а под судир на интереси се подразбира„состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности", се добива заклучок за значењето, познавање и третирање на оваа многу опасна појава за секој општествен систем .

Спротивставен поим на корупцијата е интеграцијата односно интегритетот на субјектите и појавите во целина. Станува збор за нарушен или прекршен интегритет со некое коруптивно однесување на службеното лице при вршењето на јавно или службено однесување, што е спротивно со начелата и моралните вредности кои важат за јавниот интерес односно интересот на граѓаните.

Секојдневните индикатори за движењето на корупцијата покажуваат дека таа реално е навлезена во сите сегменти на општествено живеење. Спротивно на теоретскиот пристап и законско нормирање, се чини дека корупцијата е прифатена како начин на живеење и претставува услов кој треба да се исполни доколку се сака да се оствари одреден јавен интерес и потреба на граѓаните. Присутноста на корупцијата е евидентирана во сите домашни и меѓународни извештаи, кои укажуваат на фактот дека се потребни поголеми мерки за справување до нејзино целосно сузбивање.

Националната установа Народен театар Битола е установа чија основна дејност е од јавен интерес. Како единка корисник на буџетски средства, таа, преку одговорното лице, има обврска да постапува согласно домашната и странска легислатива и постојано да презема активности насочени кон борбата против корупцијата.

Овој Годишен план за спречување на корупцијата е начин да се влијае врз сите обиди за коруптивно однесување во установите кои остваруваат национален интерес, со намера да се поттикнат субјектите да ги пријават сите коруптивни дејствија на службените лица.

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република Северна Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of North Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.coml www.narodenteatarbitola.com

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

# 1. ПОИМ ЗА КОРУПЦИЈА И НЕЈЗИНО ПРАВНО РЕГУЛИРАЊЕ

Од правен аспект согледано, корупцијата претставува еден процес кој има три страни: првата страна е службеното лице кое има материјален или нематеријален (или комбиниран) интерес да заврши одредено правно дејствие за потребите на втората страна, која најчесто е физичко лице, и која не може да го оствари своето право доколку не го исполни барањето на првата страна односно не наплати за својата потреба. Во спротивно, лицето кое нема да сака да плати, не ќе може да го оствари своето право иако истото е предвидено со закон или друг подзаконски акт. Трета страна во овој однос е државата односно институциите кои работат во нејзин состав, кои заради таквото однесување на службеното лице ја губат довербата и претрпуваат штета на пократок или подолг рок.

# 2. НОРМАТИВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Корупцијата како институт е третирана со неколку домашни закони и меѓународни прописи, и тоа: Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи, Законот за лобирање, како и ратификуваните документи кои се дел од домашното законодавство односно Конвенцијата на Обединетите нации против корупција и Цивилната конвенција за спречување корупција.

# 3. АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА НУ НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА

Во НУ Народен театар Битола се води антикорупциска политика, која се состои во следното:

- НУ Народен театар - Битола ја толерира политиката на интегритет на установата и одговорните лица во неа односно се противи на било какво коруптивно однесување во смисла на злоупотреба на функцијата, јавното овластување и службена положба со цел остварување на било каква корист за вработеното лице или негов близок;

- НУ Народен театар – Битола се противи на било каква форма на однесување кое е спротивно на етичкиот кодекс на однесување и закон;

- Директорот како орган на раководење е одговорен за процена и отстранување на ризиците кои може да доведат до појава на корупција, проневера, кражење, поткуп, судир на интереси, но и искористување на влијанието и врз други

субјекти со намера и крајна цел остварување на повластен третман или друг вид корист на противзаконски начин;

- Вработените во НУ Народен театар – Битола се запознати со етичкиот кодекс на однесување на вработените во областа култура;

- Вработените во администрацијата имаат право и должност да се однесуваат согласно етичкиот кодекс, да се однесуваат со целосна одговорност во постапките во кои секојдневно влегуваат, да ги запазуваат бараните рокови за постапување, да бидат лојални и посветени на работата, да се противат на секаков вид судир на интереси. Со своето однесување на работното место и надвор од него да придонесуваат за заштита и подигнување на угледот на Театарот;

- Должност на вработените е да го пријават секое однесување доколку оценат дека постои сомнеж и белег на корупција и/или неетичко однесување кај надлежното вработено лице;

- При појава на нудење поткуп  или поттикнување на поткуп или неетичко односно незаконско однесување, вработениот има обврска истото да го одбие, но истовремено писмено да го известат надлежното вработено лице;

- Вработениот во писменото известување треба да стави податоци со кои ќе биде прецизно објаснето местото, времето, учесниците, предметот на разговор и останатите факти до кои дошол, а кои се од значење за утврдување на реалната состојба;

- Вработениот има должност и обврска да постапи според пропишана законска процедура, во спротивно против него ќе биде поведена соодветна постапка за утврдување на одговорноста;

- Должност на секое вработено лице во Театарот е да го пријави секое корупитвно однесување за кое има сознание кое произлегува од неговата службена положба. Пријавувањето на корупција е облигаторно, а не факултативно и лично право, кое задолжително треба да се почитува;

- Вработеното лице кое пријавува корупција или друго незаконско/неетичко однесување е целосно заштитено, а дадените информации имаат доверлив карактер;

- Вработеното лице кое има основано сомневање за сторено корупитвно или незаконско и/или неетичко однесување на друго лице, или биле сведоци на таква појава;

- Корупција може да се пријави и по анонимен пат, но по истата ќе се постапува само доколку постојат доволен број на податоци од кои ќе може да се утврди фактичката состојба;

- Во НУ Народен театар – Битола се формира Комисија за интегритет која ќе презема активности за борба против корупцијата;

- Комисијата за интегритет редовно ќе одржува состаноци со одговорните лица/раководителите по сектори/служби со намера да се објаснат штетните последици од коруптивното однесување.

- Комисијата за интегритет ќе работи на подигање на свеста на вработените, со што ќе превенира во борбата против корупцијата;

- Комисијата за интегритет ќе ја спроведува антикоруптивната политика и запознавање на вработените дека коруптивното однесување повлекува дисциплинска, но и кривична одговорност во согласност со Кривичниот законик;

- Работната комисија за интегритет постапува по добиени информации за сторен поткуп, корупција и судир на интереси. Сите прибрани информации за конкретен случај, со пријава ги препраќа до Државната комисија за спречување на корупција во печатена форма или по електронски пат;

- Секое вработено лице во Театарот има обврска да пријави сторено кривично дело во полиција, обвинителството или Државната комисија за спречување на корупција;

- Директорот и раководните структури во Театарот му гарантираат целосна заштита (од одмазда и закон) на лицето кое пријавило неетичко и незаконско постапување;

- Против лицето кое пријавило коруптивно однесување злонамерно или со некаква тенденција, или дало лажен исказ, ќе се преземат соодветни мерки за негова одговорност.

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република Северна Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of North Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.coml www.narodenteatarbitola.com

## 4. ПОДРАЧЈА НА МОЖНА КОРУПЦИЈА

Можни подрачја за појава на корупција се подолунаведените, за кои се определени соодветни мерки во акцискиот план:

- ✓ јавни набавки;
- ✓ управување со човечки ресурси и
- ✓ постапка за вработување, избор и именување.

## 5. ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

Годишниот акциски план за антикорупција во Театарот се реализира преку четири цели со кои би се намалила осетливоста на корупција:

- Подобрување на ефикасноста во работењето, поголема транспарентност и одговорност на вработените лица;
- Еднаков третман кон лицата кои имаат некое побарување односно услуга;
- Воспоставување на механизми со единствена цел спречување на можностите за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист;
- Спротивно на претходното, воспоставување на механизми за стимулација и поттикнување на вработените со цел извршување на задачите на подобар/поквалитетен начин

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ВО НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА ЗА 2025 ГОДИНА**

| Реден број | Активност | Носител на активностите | Временски рок |
|---|---|---|---|
| 1. | Јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки | Комисија за јавни набавки<br><br>Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 2. | Јавно објавување на сите интерни процедури на веб страната | Одделение за ИТ системи<br><br>Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 3. | Јавно објавување на интерните активности, извештаи | Одделение за ИТ системи<br><br>Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 4. | Јавно објавување на Годишниот извештај за уметничкото и финансиско работење | Раководител на Одделение за материјално-финансиско работење<br><br>Одделение за ИТ системи<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 5. | Воспоставување на поблиска соработка со надлежните инспекторати | Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Јавно објавување на евентуални донатори на финансиски и други средства | Раководител на Одделение за материјално финансиско работење<br>Одделение за ИТ системи<br><br>Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 7. | Потпишување на изјава за прифаќање и примена на Етичкиот кодекс на административните службеници | Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 8. | Обука на вработените за различен делокруг на работни активности, со цел полесна замена на отсутен работник за работа која не може да се одложи | Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 9. | Континуирано следење на извршување на работните задачи за секој административен службеник | Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 10. | Јавно објавување на јавните огласи за вработување на даватели на јавни услуги и административни службеници | Одделение за ИТ системи<br><br>Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |
| | Спроведување на селекција и вршење избор на кандидати за | Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | вработување на даватели на јавни услуги или административни службеници | Комисија за вработување (именувана од директорот или Министерството за култура и туризам)<br><br>Директор<br>/<br>Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Министерство за јавна администрација<br><br>Директор | Декември 2025 |
| 12. | Вработување на давател на јавни услуги или административен службеник | Одделение за административни, општи и правни работи и управување со човечки ресурси<br><br>Директор | Декември 2025 |

04.06.2025 година
Битола

НУ Народен театар -Битола
Директор
Васко Мавровски

Изработил:Снежана Дамчевска-Самостоен референт за правни работи (општи,административни и работи во врска со човечки ресурси)
Одобрил:Александар Митровски-Виш соработник за административни,општи и правни работи и управување со човечки ресурси

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република Северна Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of North Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44
E-Mail: teatarbt@hotmail.com| www.narodenteatarbitola.com